# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

Центар за
Управување со
Промени

# Содржина


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 3 |
| ГЛАВНИ НАСОКИ | 4 |
| РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 6 |
| ПОСТИГНУВАЊА ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ | 7 |
| НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ | 9 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 11 |

# ВОВЕД

Здружението за развој, Центар за управување со промени (ЦУП) е непрофитна, невладина организација која промовира разбирање и ненасилни промени во општеството.

Организацијата се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат промените во општеството како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати.

Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро-интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за промена во општеството.

Имаме неколку  години работно искуство со различни државни институции во Македонија и широка соработка со граѓанскиот и бизнис секторот дома и во странство. Имплементираме проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на нашето општество и регионот.

Поддржуваме демократија и отворени идеи во различни сектори во општеството. Ги базираме нашите проекти на методот планирај, реализирај, провери и делувај.

## Нашите цели и задачи се:

- Јакнење на административните капацитети на јавната администрација
- Инвестиција и развој во персонал/ луѓе
- Европска интеграција и регионална соработка
- Управување со јавни промени и одржување развој
- Еднакви можности и недискриминација
- Автоматизација на процеси
- Соработка со другите правни и физички лица, меѓународни организации, државни тела, институции, невладини организации и приватен сектор за реализација и постигнување на целите на организацијата

# СТРАТЕШКИ НАСОКИ

**1.** Подржуваме и обучуваме за воведување на Заедничка рамка за проценка - КАФ (Common Assessment Framework – CAF), како инструмент за целосно управување со квалитетот во работењето, според кој одличните резултати во организациите се постигнуваат преку водство темелено на инспиративна стратегија и планирање, преку поддршка на вработените - како најдрагоцен капитал, преку градење партнерства, преку рационално искористување на ресурсите и унапредување на процесите

**2.** Градиме капацитети на јавната администрација, на граѓанскиот сектор и на бизнис заедницата како и поддржуваме активности насочени кон воспоставување целосно функционална структура на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во централната влада и во релевантните министерства

**3.** Развиваме човечки ресурси преку воспоставување Систем за управување со човечки ресурси и апликација на еднакви Стандарди работењето на одделенијата за човечки ресурси во сите државни институции

**4.** Ги менаџираме промените во општеството и поттикнуваме одржлив развој преку реализација на проекти за развој на јавната администрација и управување со промени, како и се обидуваме да најдеме самоодржливи решенија на проблемите

**5.** Промовираме еднакви шанси и недискриминација преку организирање на активности кои водат до слободен и еднаков пристап до јавниот сервис за сите без разлика на пол, етничност, религија, политичка припадност, сексуална и други форми на припаѓање

**6.** Придонесуваме за автоматизација на процесите преку креирање на функционален оперативен систем способен да го поддржи процесот на промени









# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

1. Студиска посета во Единбург, Велика Британија на тема: Систем на управување со човечки ресурси темелен на компетенции

2. Подготвена Методологија за управување со компетенции и Рамка за компетенции за управувањето со човечки ресурси во администрацијата

3. Обука и сертифицирање за проектно работење PRINCE 2 на 12 државни службеници од МИОА во соработка со Novare Consulting UK

4. Сертифицирани 15 службеници од МИОА за КАФ обучувачи во соработка со Европски институт за јавна администрација од Маатрихт (ЕИПА)

5. Четврта годишна конференција на одделенијата за човечки ресурси на тема: Управување со перформанси во државната служба

6. Циклус обуки за високи функционери

7. Унапреден регулаторен процес во Македонија продлабочување на можноста за учење, развој како и поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во имплементација на Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија

# ПОСТИГНУВАЊА ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

## СЕРТИФИКАЦИЈА ЗА ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ – PRINCE 2

Во рамките на проектот “Поддршка на реформата на јавната администрација” се спроведе обука и сертифицирање за проектно работење - PRINCE2 за дел од вработените во МИОА, државни службеници со цел зајакнување на нивните капацитетите преку познавање и практично користење на современи структурирани методи и техники за проектно работење. Како резултат на тоа, 12 државни службеници успешно ја завршија обуката и се стекна со меѓународно признаена диплома за основно и напредно познавање на проектниот менаџмент (Foundation и Practitioner) Сертификатите беа издадени од APM Group (Велика Британија) – организација, која е авторизирана од страна на Британската Влада за сертифицирање ширум светот.

## ОБУКА ЗА СТРАТЕШКО ЛИДЕРСТВО ЗА ФУНКЦИОНЕРИ

Учењето и стручното усовршување се една од основните начела на секоја професионална и модерна државна и јавна служба. Во таа насока во Министерството за информатичко општество и администрација, со поддршка на програмата на Британската Амбасада реализираше циклус обуки исклучиво наменети за функционери во државната служба. Обуките го поддржаа развојот и ги зајакнаа капацитетите на највисокото раководство во Република Македонија во областите лидерство, управување со организации, организациски промени и човечки капитал, неопходни за градење на професионална служба. Обуката за функционери беше новина во системот на учење и развој во јавната администрација и придонесе кон подобрување на управувањето и модернизација на јавната служба. Со програмата која ја спроведе Националната школа на Велика Британија, од октомври 2011 до ноември 2012 беа опфатени 70 функционери.

## ЗАЕДНИЧКА РАМКА ЗА ОЦЕНКА (КАФ)

Центарот за управување со промени преку фондовите на Британската амбасада и проектот - Поддршка за реформите во јавната администрација, го поддржа Министерството за информатичко општество и администрација во напорите да стане ресурсен центар на еден од најреномираните признанија за квалитет во работењето во јавната администрација - Заедничка рамка за проценка – CAF. Овој стандард е резултат на соработката помеѓу министрите на земјите членки на Европската унија задолжени за подобрување на административните капацитети и модернизација на јавните служби. Со воведувањето на CAF, како меѓународно признаен стандард, се придонесе кон воспоставување на квалитет во работењето на јавната администрација и модернизација на јавнат служба. Како резултат на овој проект беа обучени и сертифицирани 15 државни службеници од МИОА кои понатаму поддржаа 5 институции во воведување на CAF стандардот и тоа - Министерство за образование, Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјална политика, Град Скопје, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во продолжение Центарот за управување со промени подржа и три општини во при воведувањето на стандарди во квалитет во работењето: Општина Центар, Општина Тетово и Општина Охрид.

## СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ ТЕМЕЛЕН НА КОМПЕТЕНЦИИ

Министерството за информатичко општество и администрација во септември 2011 започна со

постапка за воведување на систем на управување заснован на компетенции во администрацијата на Република Македонија. Овие активности се дел од преземените обврски на Владата на Република Македонија, предвидени во рамките на Стратегијата за реформа на јавната администрација, Приоритетна област Б: Систем на државна служба и управување со човечки ресурси, мерка 13 Развој на модел на управување заснован на компетенции. Проектот Поддршка за реформите во јавната администрација, финансиран од страна на Британската амбасада, кој го раководеше Центарот за управување со промени, а се имплементираше во Министерството за информатичко општество и администрација, во рамките на една од компонентите предвиде и вклучување на модел за управување со човечки ресурси и развиен модел на рамка базирана на компетенции во главните текови на државната администрација. Во насока на заживување на овој систем беа направени и следните активности:

1. Подготовка на внатрешни процедури (подзаконски акти) преку кои се обезбеди имплементацијата на управувањето со човечки ресурси базирано на компетенции
2. Обука за одделенијата за човечки ресурси во државната администрација во имплементацијата на управувањето со човечки ресурси базирано на компетенции
3. Поддршка на одделенијата за човечки ресурси во државната администрација, за да ја поттикнат имплементацијата на стандардите за компетенции и човечки ресурси, преку студиски посети во Велика Британија и согледување на добрите практики.
4. Ревизија на публикацијата Стандарди за човечки ресурси

## ОБУКИ И РАБОТИЛНИЦИ ЗА НОВИНИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНИТЕ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ ТЕМЕЛЕН НА КОМПЕТЕНЦИИ

Министерството за информатичко општество и администрација како носител на Законот за администрација и Законот за вработени во јавниот сектор, има задача и цел да ги информира, а воедно и зајакне капацитетите на јавните и државните службеници за реформите и новините во овој сегмент. Во оваа насока, Центарот за управување со промени Британската амбасада го поддржа Министерството за информатичко општество во реализација на серија еднодневни работилници - обуки за новините кои произлегуваат од Законот за администрација, Законот за вработени во јавниот сектор и подзаконските акти во однос на општите компетенции. Цел на обуките беше да се запознаат државните службениците за важноста на компетенциите и нивната примена согласно новите законски решенија. Работилници беа испорачани од страна на државни службеници–членови на работната група за воведување на систем на компетенции во РМ и членови на работната група за подготовка на Законот за администрација. Работилниците беа успешннон спроведени во повеќе градови низ Р. Македонија и тоа: Велес, Штип, Крива Паланка, Куманово, Струмица, Берово, Гостивар, Кичево, Охрид, Тетово, Битола, Прилеп, и Кавадарци, а беа опфатени вкупно 390 учесници.

## УНАПРЕДЕН РЕГУЛАТОРЕН ПРОЦЕС

Со поддршка на Британската Амбасада во МИОА се реализираше проектот Унапреден регулаторен процес а го имплементираше Центарот за управување со промени. Цел на проектот беше продлабочување на можноста за учење, развој како и поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во имплементација на Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија. Во рамките на овој проект се креираше: нова Методологија за Проценка на влијанието на регулативата (ПВР); Одлука за формата и содржината на Извештајот за ПВР и Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на ПВР. Покрај тоа, во рамките на овој проект се одржаа 15 Регионални трибини во 15 општини во врска со воведувањето регулаторна гилотиња, Основна, напредна и специјализирана обука за ПВР за државни службеници и претставници од невладиниот сектор како и обуки за обучувачи за ПВР. Во рамките на овој проект се направи и Анализа на состојби и проблеми во областа на социјалното домување во РМ.

Ефект ПЛУС
ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс 02/2401-372

**До**

Собранието и Извршниот одбор на

*Здружението на граѓани Центар за управување со промени*

## РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Центарот за управување со промени, кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2012 година и билансот на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење финансиските извештаи, во сите значајни аспекти, даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2012 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија.

***Останати прашања***

Споредбените информации – кореспондирачките податоци за претходниот период, 2011 година, не се ревидирани ниту од нас ниту од друг ревизор.

За Ефект плус Скопје

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата

Скопје, 15.08.2014 година

Миов Николаки

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

## Центар за управување со промени

### ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД
### 01.01.2012-31.12.2012

## ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| А) Приходи од камати | 12.833,00 ден. |
| Б) Приходи од проекти грантови | 19.799.937,00 ден. |
| В) Камата на депозити по видување | 16.101,00 ден. |
| Г) Пренесен вишок од мината година | 1.330.503,00 ден. |
| Д) Приходи од сопствена дејност | 555.358,00 ден. |
| Ѓ) Приходи од курсни разлики | 114,00 ден. |
| **Вкупни приходи:** | **21.714.846,00 ден.** |

## ТРОШОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Канцелариски материјали и материјали за проекти | 153.935,50 ден. |
| 2 | Отпис на ситен инвентар | 63.351,50 ден. |
| 3 | Трошоци за печатење,фотокопирање и сл. | 60.375,50 ден. |
| 4 | Сметководствени и нотарски услуги | 53.948,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Адвокатски и правни услуги | 169.668,00 ден. |
| 6 | Ревизорски и услуги за проценка | 61.505,00 ден. |
| 7 | Услуги за препис, лектура и превод | 395.440,00 ден. |
| 8 | Угостителски услуги за проектни активности | 1.352.066,00 ден. |
| 9 | Хотелски услуги по проектни активности | 1.254.615,00 ден. |
| 10 | Останати услуги | 188.355,00 ден. |
| 11 | Патни трошоци за проектни активности | 266.199,00 ден. |
| 12 | Патни трошоци службен пат | 116.624,00 ден. |
| 13 | Негативни курсни разлики | 17.726,00 ден. |
| 14 | Реклама и огласување | 109.806,00 ден. |
| 15 | Трошоци за мобилен телефон | 6.107,00 ден. |
| 16 | Трошоци за пошта | 3.921,00 ден. |
| 17 | Трошоци за наем на сали, опрема | 702.620,00 ден. |
| 18 | Банкарски провизии | 53.609,50 ден. |
| 19 | Интелектуални услуги од консултанти | 3.580.699,00 ден. |
| 20 | Авторски хонорари | 2.061.671,50 ден. |
| 21 | Услуги по договор за дело | 193.315,50 ден. |
| 22 | Други интелектуални услуги | 2.256.396,00 ден. |
| 23 | Бруто плати | 2.260.453,00 ден. |
| 24 | Платен персонален данок по договор за повремени работи | 179.429,00 ден. |
| 25 | Опрема , машини и компјутери | 44.300,00 ден. |
| 26 | Останати расходи | 2.305,00 ден. |

**Вкупни трошоци:** **15.608.439,00 ден.**

Данок на непризнати трошоци - ден.

**Наменски средства за 2013:** 6.106.407,00 ден.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
# на 31,12,2012

## Средства

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Основни средства. опрема компјутери | 143.424,00 ден. |
| 2 | Исправка основни средства | - 36.259,00 ден. |
| 3 | Денарска сметка | 1.157.751,00 ден. |
| 4 | Благајна | 8.607,00 ден. |
| 5 | Девизна сметка | 205.665,00 ден. |
| 6 | Побарувања за ДДВ | 319,00 ден. |
| 7 | Депозити | 5.015.705,00 ден. |
| | ВКУПНИ СРЕДСТВА: | **6.495.212,00 ден.** |

## Обврски

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Обврски спрема добавувачи | 281.640,00 ден. |
| 2 | Деловен фонд | 107.165,00 ден. |
| 3 | Наменски средства за 2013 година | 6.106.407,00 ден. |
| | ВКУПНИ ОБВРСКИ: | **6.495.212,00 ден.** |
| | | - ден. |

Одговорни за составување на билнасот
Твинс консалтинг

Скопје.28.02.2013

Раководител
Нада Манеска-Сачмароска